# Е-ИНФО 50

СЕЛЕКТИРАЈ И ДОБИВАЈ




**АКТИВНОСТИ НА ПАКОМАК ЗА ПЕРИОД**
Април, Мај и Јуни 2024

ПАКОМАК СЕЛЕКТИРАЈ ИДНИНА
ЗАЕДНО ЗА ПОЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА

PRO Europe

**ПАКОМАК**
**СЕЛЕКТИРАЈ**
**ИДНИНА**





1

## ЕКО МАСКЕНБАЛ ВО „РАМСТОР МОЛ“

Учењето на децата од најрана возраст за важноста на рециклирањето е клучно за создавање на свесна и одговорна иднина.
На 1 Април, „Пакомак“ во соработка со „Шпаркасе банка“ и „Рамстор мол“ организираа еко маскенбал. На овој традиционален настан, сите заинтересирани деца на возраст од 3 до 14 години имаа можност да учествуваат на еко маскенбалот, создавајќи едукативни и креативни маски од материјали кои може да се рециклираат. Оваа активност ги поттикнува младите учесници да се запознаат со концептот на рециклирање и креативно да се изразуваат, а истовремено ги мотивира да развиваат навики за заштита на животната средина, што ќе биде корисно за нив и за општеството во иднина. На маскенбалот имаше пријавено повеќе од 250 маски, а најкреативните три маски беа наградени со штедни влогови.



2

## ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД

Четврта година по ред „Man & Mountain", заедно со „Пакомак" и „Пивара Скопје" ја организираат масовната еколошка акција Генералка викенд од 17-19 мај.

Генералка викенд е одличен пример за тоа како обединетата работа и заедничките напори можат да создадат долгорочен позитивен ефект на природата.

Оваа година еко акцијата се спроведе во сите 81 општина и во националните паркови Шар Планина и Галичица. Повеќе од 16.000 волонтери од над 200 организации, граѓански, спортски и пензионерски здруженија и од повеќе од 300 образовни институции чистеа на повеќе од 300 локации.
„Пакомак" четврта година по ред ја поддржува оваа акција за чистење на локации ширум државата.










3

## ПРОЕКТ СО ШВАЈЦАРСКА АМБАСАДА – СОБРАНИ 10 МИЛИОНИ ПЛАСТИЧНИ ШИШИЊА И ЛИМЕНКИ ВО ПОВРАТНИТЕ ВЕНДИНГ МАШИНИ

Во 2021 година „Пакомак" ја постави првата повратна вендинг машина со цел да се селектираат пластични шишиња и лименки кои можат повторно да се рециклираат во амбалажа.

Со рециклирањето на ПЕТ шишиња, ја минимизираме употребата на природните ресурси и придонесуваме за поодржлива иднина. Тие се рециклираат во нови шишиња, со што се намалуваат емисиите на $CO2$ за околу 60%.

Во месец мај одбележавме собрани 10 милиони пластични шишиња и лименки од почетокот на проектот. Преку 35.000 корисници веќе ги користат повратните вендинг машини и нивниот број постојано расте.

Изразуваме благодарност до швајцарската амбасада во Република Северна Македонија за нивната долгогодишна и континуирана поддршка на нашата еко- иницијатива.















# БИДИ ЗЕЛЕН

**НЕ БИДИ „ЗЕЛЕН“**

# 4

## „ПАКОМАК“ НА „Д ФЕСТИВАЛ“ ВО ДОЈРАН

„Пакомак“ и оваа година беше дел од „Д- Фестивал“ во Дојран, од 28 до 30 јуни, со нашата зелена иницијатива да го оставиме Дојран чист. На фестивалот „Пакомак“ беше присутен со пораката „Биди зелен, не биди зелен“ со која промо тимот ги едуцираше посетителите за важноста на селекцијата и одложувањето на отпадот. „Зелената патрола“ на „Пакомак“ беше присутна во кампот, низ центарот на градот и на главната сцена каде освен едукативните пораки, се поттикнаа посетителите да ја преземат „Екомак“ апликацијата и се делеа ладала со еко пораки кои со сигурност го привлекоа вниманието на сите посетители. На главната сцена имавме и видео анимација на големиот видео бим.

Сепак, главната цел оваа години ни беше да го намалиме користењето на едни од најголемите загадувачи, пластичните чаши за еднократна употребеа. За време на фестивалот имаше акција на која сите посетители имаа можност да набават чаши за повеќекратна употреба на „Пакомак“ и со секое точено пиво во истата чаша да добијат попуст од 10 денари за време на целиот фестивал.

Заедно со пултот во кампот, за сите посетители организиравме и забавни активности како кошарка со пластични шишиња и лименки, беа поставени корпи каде посетителите имаа можност да фрлаат отпад кој може да се рециклира, а низ целиот простор беа поставени и знаци кои ги упатуваа посетителите каде може да го одложуваат отпадот.

За време на „Д Фестивал“ сите нови корисници кои што ја инсталираа „Екомак“ апликацијата за селектирање во повратните вендинг машини на „Пакомак“ и селектираа 3 пластични шишиња или лименки добија 300 зелени поени гратис.

## 5 ПРОМОЦИЈА НА „ЛАДНА“ СО ПОВРАТНИ ВЕНДИНГ МАШИНИ

„Пакомак“ и „Ладна“ повторно во еко акција и во месец април. Цел месец за секое селектирано шише „Ладна“ и „Ладна“ функционални води во повратните вендинг машини на „Пакомак“, корисниците добиваа 4 зелени поени на Екомак апликацијата кои можеа да ги искористат во форма на вредносни ваучери во маркетите. Оваа акција повторно беше рекламирана и на социјалните медиуми на „Ладна“ и на „Пакомак“.






## 6 ПОДДРШКА НА ТЕАТАРСКИОТ ФЕСТИВАЛ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“ ВО ПРИЛЕП

„Пакомак“ даде поддршка на годинешното издание на театарскиот фестивал „Војдан Чернодрински“ во Прилеп. Освен поставување на канти за селекција на отпадот и промовирање на повратните вендинг машини, беше организиран и настап на пантомичари кои го задржуваа вниманието на сите минувачи.





## 7 СОРАБОТКА СО „КАМ“ МАРКЕТИ ЗА ПОВРАТНИ ВЕНДИНГ МАШИНИ

Во месец април беше дадена согласност за започнување на соработка помеѓу „Пакомак“ и „КАМ“ маркетите. Се поставија првите повратни вендинг машини во Крива Паланка и Струмица со што се олесни процесот на селекција на пластични шишиња и лименки од граѓаните кои за селектирањето добиваат зелени поени кои потоа можат да ги користат како вредносни ваучери за пазарување.




## 8 ЦРТАЊЕ ГРАФИТИ ВО СТРУМИЦА

Во Струмица со поддршка на „Пакомак“ беше изработен голем графит на тема екологија и селектирање на отпадот што претставува одличен начин да се подигне свеста и да се инспирираат младите да се грижат за животната средина.

# 9

## ФЛАЕРИ ЗА НАСЕЛЕНИЕ ЗА ПОВРАТНИ ВЕНДИНГ МАШИНИ

Во месец април, беа дистрибуирани флаери со месечни сметки за комуналии со цел зголемување на корисниците на повратните вендинг машини. На флаерите беше прикажано како да се преземе апликацијата, начин на селектирање отпад во машините и како можат корисниците да го искористат ваучерот во соодветните маркети.







# 10

## „ПАКОМАК“ НА САМИТ „МАКЕДОНИЈА 2025“

Во месец мај се одржа 13-то издание на самитот „Македонија 2025“ во хотелот „Мериот“ во Скопје. Самитот претставува регионална платформа за размена на искуства, зајакнување на соработката и вмрежување на компаниите од регионот и дијаспората во насока на поттикнување промени во Југоисточна Европа. „Пакомак“ го поддржа годинешниот самит со подарок за сите посетители – платнена торба за повеќекратна употреба.









# 11

## ПОДДРШКА НА НАСТАНОТ „ГЛУМЦИТЕ ПЕАТ“

И оваа година, „Пакомак“ беше еден од главните поддржувачи на културната манифестација „Глумците Пеат“. На настанот кој што се одржа во Националната опера и балет, поставивме канти за селекција на отпад, ги едуциравме посетителите за повратните вендинг машини и нивното користење, а сите посетители кои што ги селектираа своите пластични шишиња добија подарок, пластична чаша за повторна употреба.

# 12

## СОРАБОТКА СО „ЛАДНА“ ЗА ХОРЕКА СЕГМЕНТ

Во соработка со „Ладна“ беа дистрибуирани кобрендирани подметачи и престилки за во ресторани низ државата. Целта на оваа активност е со еколошки пораки да ги едуцираме посетителите на ресторанот дека селектираниот отпад не завршува на депонија туку истиот се рециклира, а ресторанот кој што го посетиле е дел од еколошката заедница поддржана од „Пакомак“.





# 13

## ПОТПИШАН ДОГОВОР СО „ПИВАРА СКОПЈЕ“ ЗА КУПУВАЊЕ НА 2 ПВМ

Во рамки на платформата „Наша гордост. Наша одговорност“, потпишан е договор со „Пивара Скопје“ за купување и поставување на 2 повратни вендинг машини во Охрид и Струга, од кои една ќе биде поставена во „Тамаро Маркет“ во Охрид и една во „Миса Маркет“ во Струга. Поставувањето на повратните вендинг машини ќе биде инвестиција на „Пивара Скопје“ како дел од нивните заложби за намалување на отпадот во двата најголеми туристички центри во нашата држава

